# Добиен грант од Еразмус+ програмата, клучна акција КА101: Учење преку индивидуални мобилности

По завршување на процесот на селекција на пристигнатите апликации, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ги објави резултатите од одобрените грантови од програмата Еразмус+ на Европската комисија. Нашето училиште се најде на листата за училишно образование . Резултатите можат да се видат на следниот линк.

*Клучна Акција КА101: Учењето преку индивидуални мобилности* создава можности за индивидуите да ги подобрат своите вештини и зголемување на културната свест. Проектите за мобилност на наставниците овозможуваат можност за мобилност и меѓународна соработка со училишта од европските земји, а сето ова ќе придонесе за интернационализација на македонските образовни институции но и за зајакнување на нивниот личен и професионален развој и развивање на професионални вештини и компетенции.

Во рамките на одобрениот проект под наслов „Справување со предизвикувачко однесување – Dealing with challenging behavior“ планирани се 4 мобилности на тема:

- Creative Methods in Special Needs Education
- Conflict Management, Emotional Intelligence and Bullying Prevention
- Autism Spectrum Disorder (ASD) and/or Attention Deficit Hyperactivity Disorder (ADHD)
- All Children Are Special